Бр./Nr 12-775/4
05-09-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 91-та седница одржана на ден 31.08.2023 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-775/1 од 06.04.2023 година, оформен по наводи против вработени на Агенцијата за катастар на недвижности за направена грешка при запишување на определни недвижности во атарот на с.------ --------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случајот постапил друг надлежен орган а од страна на подрачното одделение за катастар била исправена грешката при запишувањето на предметната недвижност.

Предметот со број 12-775/1 од 06.04.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 06.02.2023 година, поднесена е пријава по која е оформен предмет под број 12-775/1 од 06.04.2023 година, со наводи за сомневање дека е направена грешка при запишување на определни недвижности во атарот на с. .------ ------------- кои што грешки би предизвикале во иднина несакани последици по однос на изгледот на селото и запазување на неговата автохоност, како и дека има сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластување на одредени вработени на Агенцијата за катастар на недвижности.

Во пријавата се наведува дека во текот на 50-те години на минатитот век при изградба на -------------------- ------------------------------------------------------------------------ биле одземени сите поседи кои до тогаш биле во сопственост на жителите на селото а сега запишани во катастарот на недвижностите како КП.бр.---------------------- ------и други парцели, а од скоро време (во период во месец Ноември – Декември 2022 година) еден дел од горенаведените парцели односно дел од КП.бр.------ бил одвоен и запишан како КП.бр.846/2 во површина од 1982m$^2$ на име на лицето ------------------------- без никаков правен основ во законот. Предметната пријавата била доставена и до Агенција за катастар на недвижности на РСМ - Сектор за контрола и надзор – Скопје.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара информација за тоа дали и како е постапено од страна на Агенцијата за катастар на недвижности - Сектор за контрола и надзор – Скопје, по горенаведената пријава, доставена до Агенцијата од страна на Здружение за граѓани „------------------------------" с. .------ ------------- преку Претседател -------------. По барањето се добиени информации со прилог докуменација и по извршениот увид во истите констатирано е следново:

- До Агенцијата за катастар на недвижности била поднесена претставка заведена од 16.01.2023 година за незадоволство од состојбата во катастарот на недвижности за КО ------ --------------, по однос на постапката на запишување на правото на сопственост на недвижностите во постапка на систематско запишување на правата на КП ------ и незадоволство од начинот на постапување на Одделението за катастар на недвижности - Гостивар по предмет --------- во кој се бара исправка на грешка, односно бришење на запишаниот носител на правото на сопственост на предметната катастарска парцела, во согласност со приложената изјава и геодетскиот елаборат, која била поднесена од страна на лицето --------------------. Од страна на Здружение на граѓани - -------------------- ---- -- --------------.

-По претставката било постапено и бил извршен увид во наведените предмети, увид во податоците од пописниот катастар и катастарот на недвижности за КО ------ -------------, а од извршеното споредување на податоците од скицата на блокови од пописниот катастар и податоците од дигиталниот катастарски план било констатирано дека во постапката на запишување на правата на -------- бил направен превид, односно во постапката на идентификување на недвижностите, т.е. во изјавата за идентификација ----------- било наведено дека предметната парцела од катастарот на недвижности одговарала на КП ---------------- од пописен катастар.

-По констатираниот пропуст, при идентификувањето на парцелите од страна на Секторот за контрола и надзор при Агенцијата за катастар на недвижности доставено било до Одделението за катастар на недвижности - Гостивар известување за преиспитување на постапката на запишување на правото на сопственост на предметната катастарска парцела и прибележување на грешка во ИЛ ------------------------------ во согласност со одредбите од член 209 од Законот за катастар на недвижности. По доставеното известување од страна на Одделението за катастар на недвижности - Гостивар бил оформен предмет ------------- по кој било постапено со Потврда за одбивање од 06.02.2023 година од причина што во предметниот имотен лист веќе била прибележана погоренаведената забрана за отуѓување.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случајот постапил друг надлежен орган и констатирал пропуст кој бил отстранет а од страна на подрачното одделение била исправена грешката при запишувањето на предметната недвижност. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut